# ВЕЖБА 2.

# “ВРАМЕНИ СПОМЕНИ”

ПРОЦЕНЕТО ВРЕМЕ: 45 МИНУТИ

ФОКУС: ЗАНАЕТЧИСТВО, КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ОДРЖЛИВОСТ

ОВАА АКТИВНОСТ ГИ ПОВИКУВА УЧЕСНИЦИТЕ ДА ТРАНСФОРМИРААТ СТАРО МИЉЕ ИЛИ ИЗРАБОТКА ОД ЧИПКА ВО УМЕТНИЧКО ДЕЛО ВО РАМКА.

СО ВРАМУВАЊЕ НА РАЧНО ИЗРАБОТЕН ОБЈЕКТ, ТИЕ ЈА ИСТАКНУВААТ НЕГОВАТА ВРЕДНОСТ, УБАВИНА И ЗНАЧЕЊЕ — ПРЕТВОРАЈЌИ ГО ОД ЗАБОРАВЕН ПРЕДМЕТ ВО БЕЗВРЕМЕНСКА УМЕТНОСТ. НЕ СЕ РАБОТИ ЗА ПРЕДМЕТ КОЈ БИ ГО НОСЕЛЕ, ТУКУ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА НЕГОВОТО МЕСТО ВО СЕМЕЈНАТА МЕМОРИЈА, ТРАДИЦИЈАТА НА ЗАНАЕТЧИСТВО ИЛИ КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ.

ПОТРЕБНИ МАТЕРИЈАЛИ:

- 1–2 СТАРИ МИЛИЊА ПО УЧЕСНИК (СОБРАНИ ОД СЕМЕЈСТВОТО ИЛИ ОД ПРОДАВНИЦИ ЗА СТАРИНИ)
- РЕЦИКЛИРАН КАРТОН ИЛИ ТЕНКА ХАРТИЕНА ПОДЛОГА (ЗА ПРИЦВРСТУВАЊЕ НА ТКАЕНИНАТА)
- ДЕКОРАТИВНА РАМКА (ПО МОЖНОСТ РЕУПОТРЕБЕНА)
- БОЈА ЗА ТЕКСТИЛ ИЛИ АКРИЛНА БОЈА (ОПЦИОНАЛНО – ЗА ПОЗАДИНАТА)
- ЧЕТКИ ЗА БОЈА
- СИЛИКОНСКИ ЛЕПАК ИЛИ ЛЕПАК ЗА ТЕКСТИЛ

Co-funded by the European Union

FERI

MATA

## ВЕЖБА 2.

# “ВРАМЕНИ СПОМЕНИ”

1. РАЗМИСЛИ И СПОДЕЛИ
   - ДАЛИ ИМАШ НЕКАКВИ СПОМЕНИ ПОВРЗАНИ СО ВАКОВ ВИД ЧИПКА ИЛИ МИЉЕ? КОЈ ВО ТВОЕТО СЕМЕЈСТВО ГИ ИЗРАБОТУВАЛ ИЛИ КОРИСТЕЛ МИЛИЊАТА?

2. ИЗБЕРИ И ИСПЛАНИРАЈ
   - ИЗБЕРИ МИЉЕ И БОЈА ЗА ПОЗАДИНА. НАПРАВИ СКИЦА НА РАСПОРЕДОТ И ОДЛУЧИ ДАЛИ ЌЕ ЈА ОБОИШ ТКАЕНИНАТА ИЛИ ЌЕ ЈА ОСТАВАТ БЕЛА.

3. МОНТИРАЈ ГО МИЉЕТО
   - ПОДГОТВИ ЈА ПОЗАДИНАТА (ОБОЈ ИЛИ УКРАСИ ГО КАРТОНОТ), ЦЕНТРИРАЈ ГО МИЉЕТО И ВНИМАТЕЛНО ЗАЛЕПИ ГО НА ПОДЛОГАТА.

ПО ЖЕЛБА, МОЖЕ ДА ДОДАДЕТЕ РАЧНО НАПИШАН НАСЛОВ, ДАТУМ ИЛИ ПОРАКА.

4. ВРАМИ ИЛИ ПРЕЗЕНТИРАЈ
   - ОТКАКО ЌЕ СЕ ИСУШИ, СЕКОЕ ДЕЛО МОЖЕ ДА СЕ СТАВИ ВО РАМКА ИЛИ ДА СЕ ИЗЛОЖИ КАКО ЅИДЕН УКРАС. ДАЈ МУ НАСЛОВ НА СВОЕТО ДЕЛО И НАПИШИ КРАТКА БЕЛЕШКА ЗА НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ.

Co-funded by the European Union

FERI

MATA

МОДУЛ **3.** ПРЕПРАВИ, ИСКОРИСТИ, ИЗМИСЛИ ПОВТОРНО

# ВЕЖБА 2.

## “ВРАМЕНИ СПОМЕНИ”

РАЗМИСЛИ ЗА СВОЕТО ИСКУСТВО

- КАКВО БЕШЕ ЧУВСТВОТО ДА МУ ДАДЕШ НОВА НАМЕНА НА ОВОЈ ПРЕДМЕТ?
- ДАЛИ БИ ГО ЗАКАЧИЛ/А ВО СВОЈАТА СОБА ИЛИ БИ ГО ПОДАРИЛ/А НА НЕКОГО?
- ШТО ДРУГО ОД МИНАТОТО ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ ПРЕРАБОТЕНО ИЛИ ЗАЧУВАНО НА ВАКОВ НАЧИН?





Co-funded by the European Union

FERI

MATA